ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 08-1013
06.07.2022 год
Ново Село

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 14 од Статутот на Општина Ново Село (Сл. гласник на Општина Ново Село бр 16/06) , Советот на Општина Ново Село на својата седница одржана на ден 24. 12. 2021 година и на ден 01. 07. 2022 година го донесе следниот

ПРАВИЛНИК (Пречистен текст)

за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти на здруженија и фондации за 2022 година

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за финансирање на програми и проекти на здруженија и фондации.

1. Општи одредби

Член 2

Општина Ново Село финансиски поддржува програми и проекти на здруженија на граѓани и фондации, со цел да обезбеди стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата, за остварување на јавните потреби и јавниот интерес на Општина Ново Село.

Член 3

Програмите и проектите од интерес на Општина Ново Село кои ќе бидат поддржани од Буџетот на општината, треба да ги одразуваат јавните потреби во областа на локален социо-економски развој, животна средина, образование, култура, заштита и безбедност на населението, иновации, млади и спорт, развој на туризмот и други теми во согласност со регионалните и националните стратешки документи за соработка со и развој на граѓанското општество.

Член 4

Општина Ново Село финансиски поддржува програми и проекти кои ќе се реализираат во текот на 2022 година, сметано од денот на потпишување на Договор за учество во финансирање на програми/проекти, до крајот на тековната година.

Програмите и проектите за кои ќе бидат доделени средства треба да се реализираат на територијата на Општина Ново Село.

Максималниот износ на доделени средства од страна на општина Ново Село кои определено здружение на граѓани или фондација може да ги искористи изнесува до 200.000,00 денари, а во Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година да бидат предвидени 900.000,00 денари за оваа намена.

Оценувањето на поднесените проекти/програми од страна на здруженијата и фондациите, ќе се врши согласно овој Правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти на Општина Ново Село за 2022 година. Со одлука на Совет на општина Ново Село ќе се формира комисија за спроведување на постапката за доделување на средства за проектите и програмите. Комисијата го задржува правото во секоја фаза од реализацијата на

одобрениот проект да извршат надзор над субјектот кој користи средства од буџетот на општина Ново Село.

Право на учество

Член 5

Право на учество во Јавниот повик имаат здруженијата и фондациите со планирани активности на територијата на Општина Ново Село, какодоминантна општина каде што физички ќе се реализираат проектите, а кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- да се регистрирани како здружение или фондација во согласност со Законот за здруженија и фондации, со активности кои имаат позитивно влијание на територијата на Општина Ново Село;
- да имаат активна трансакциска сметка и активен статус на дејствување од најмалку една (1) година;
- да поседуваат Статут и Решение за регистрација на здружението или фондацијата;
- да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес во согласност со Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Општина Ново Село за 2022 година.
- Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори , а имаат право се финансираат од други приватни физички или правни лица.

Начин и постапка

Член 6

За финансиска поддршка на програми и проекти на здруженија и фондации на подрачјето на Општина Ново Село,одлучува Комисија за отворање, разгледување и одлучување која ќе изврши разгледување, анализа, селектирање и рангирање на сите пристигнати апликации за финансиска поддршка од буџетот на општината, врз основа на критериумите за оценување опфатени со Правилникот.

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината, аплицираат на Јавен повик, кој за секоја наредна година го распишува Градоначалникот .

Јавниот повик трае 7 дена од денот на објавувањето.

Јавниот повик се објавува на веб страната на општината.

Член 7

Аплицирањето се врши на стандардизирани обрасци кои се задолжителни за секој апликант и се составен дел на документацијата од самиот јавен повик. Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава. Пријавите се преземат од веб страната на Општина Ново Село и се пополнуваат со впишување на податоци на означеното место со потпис и печат на овластеното лице. За секој проект се пополнува одделна пријава.
Апликантите, покрај пријавата задолжително треба да ги достават и следните документи:

- Пријава за финансиска поддршка;
- Предлог-проект;

- Копија од документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија
- Копија од активна трансакциска сметка на здружението или фондацијата што се пријавиле на Јавниот повик на која може да се префрлат добиените средства;
- Копија од Статут на здружението/фондацијата.

Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за дообјаснување на проектот за кои учесникот на Јавниот повик цени дека е потребно да ги достави.

Пријавите со документите се доставуваат по препорачана пошта или лично во затворен коверт на следната адреса: ул.„Мануш Турновски бб, Ново Село.

На надворешната страна на пликот треба да стои називот на Јавниот повик, целосното име и адреса на подносителот и следното: Да не се отвара пред официјалната сесија за отварање.

Апликациите кои ќе пристигнат по утврдениот рок нема да бидат разгледувани.

Општината ќе води евиденција за сите пристигнати апликации и ќе даде релевантна потврда за прием.

Член 8

Доставените пријави по „Јавниот повик за финансирање на програми и проекти на здруженија и фондации за 2022 година“ ги разгледува стручна Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Ново Село во состав од 3 (три) члена од редот на вработените во општинската администрација. Еден од членовите на стручната комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

Член 9

Комисијата за отворање, разгледување, одлучување по пристигнати програми и проекти како и проверка на финансиските и наративните извештаи, работи во полн состав.

Комисијата нема да ги разгледува пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и нецелосни пријави, без приложени документи кои задолжително се бараат.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Решение за распределба на средства.

Ранг листата со избраните апликанти ќе биде објавена на веб страната на Општина Ново Село.

Против Решението на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Ново Село

По поднесениот приговор Градоначалникот формира комисија од три члена во која задолжително членува претседателот на стручната комисија задолжена за спроведување на јавниот повик и двајца членови на Советот , одредени на седница на Советот. Оваа комисија е должна во рок од три дена да ги разгледа наводите во приговорот, да изврши преоценување на проектот и на Градоначалникот да му предложи дали приговорот да биде прифатен или отфрлен. Градоначалникот донесува решение согласно предлогот на комисијата.

Член 10

Општината склучува договор за обезбедување финансиска поддршка со здружението или фондацијата, со секој апликант одделно, кој ги содржи следните елементи:

- предмет на договорот;
- висина на доделени средства и распоред на финансирање;
- временска рамка за спроведување на договорот;
- можност за промена на одредбите на договорот во случај на променети околности во спроведување на договорот;
- одговорност во случај на причинета штета;
- обврска совесно и одговорно да се користат доделените средства како и да се вратат неискористените средства;
- начин на известување, оценка и следење;
- одредби за вршење на контрола над спроведувањето на договорот и на трошењето на доделените средства;
- одредби за супсидијарноство примена на законите и другите прописи.

Извештаи и начини на известување

Член 11

Финансискиот и наративниот извештај се доставуваат до Комисијата за отворање, разгледување, одлучување по пристигнати програми и проекти како и проверка на финансиските и наративните извештаи формирана од страна на Градоначалникот.

Исплатата на средствата ќе се врши поединечно во два дела и тоа: првата половина од финансиските средства ќе бидат исплатени пред отпочнување со реализација на проектот, а втората половина по доставување на финалниот (наративен и финансиски) извештај од реализацијата на проектот од страна на корисникот. Комисијата формирана од страна на Градоначалникот доставува предлог за исплата до Секторот за Финансиски прашања откако претходно ќе ги провери и одобри наративниот и финансискиот извештај за секој проект поединечно. Здруженијата и фондациите доделените средства треба да ги користат исклучиво за намената за која им се доделени.

Најдоцна 30 дена по реализацијата на проектот здруженијата и фондациите се должни до Комисијата за жалби да поднесат финален извештај за реализација на активностите и потрошените средства.

Наративниот извештај треба да биде поткрепен со фотодокументација, а финансискиот извештај со копии од сметки, фактури и изводи од банка.

Доколку се утврди дека доделените средства се трошат ненаменски и спротивно на договорот, во тој случај извештајот ќе биде одбиен, а апликантот е обврзан да ги врати добиените финансиски средства.

Член 12

Корисникот на кој што му се одобрени финансиски средства од Буџетот на Општина Ново Село за реализација на проектот/програмата има обврска на сите материјали (печатени и електронски) што ќе бидат продуцирани во рамките на тој проект/програма на видно место да стои:

"Поддржано од Општина Ново Село"заедно со лого на Општина Ново Село.

Критериуми за финансирање

Член 13

За да се утврди дека програмите и проектите се од интерес на Општина Ново Село, тие треба да исполнуваат најмалку еден од следниве општи критериуми:

- да придонесат за побогат, поквалитетен и разновиден јавен живот на ниво на општината;
- подобрување на образованието;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- поттикнување на креативноста и подобрување на условите за развој на младите во општината, унапредување на нивните права;
- заштита и безбедноста на локалното население;
- развој на спортски активности;
- стимулирање и поттикнување на грижата за здравјето на граѓаните од социјално ранливите категории;
- Проекти кои ќе придонесат за намалување на невработеноста кај младите и социјално ранливите категории на граѓани;
- Проекти за зачувување на животната средина;
- Проекти за промоција и поддршка на туризмот.

Средствата кои определено здружение на граѓани или фондација ги добило од општина Ново Село може да ги искористи како учество во друг меѓународен проект, кој секако би носел бенефит за општината, по претходно одобрување од општина Ново Село.

Критериуми за оценување

Проект	Бодови
1. Организациски капацитет	**10**
Дали здружението/ фондацијата има организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени и/или волонтери и/или хонорарно вработени, техничка опрема и способност да раководи со буџетот)?	10
2. Апликација	**20**
Детално разработен проект/програма согласно правилникот, јавниот повик и уредно пополнета пријава (апликација)	15
Време на траење на проектот (колку повеќе трае проектот повеќе бодови да се дадат)	5
2. Буџет	**20**
Детално разработен финансиски план за средствата потребни за реализација на програмата/проектот	10
Оправданоста на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции)	5
Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори	5
4. Квалитет на програмата/проектот	**50**
Придонес за решавање на определен проблем на подрачјето на Општина Ново Село	25
Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата	15
Износ на барани средства (кој бара помал износ добива повеќе бодови)	5
Големина на таргет група (поголема група повеќе бодови)	5

Други важни информации

Општина Ново Село ќе организира информативен состанок – отворен ден, со потенцијалните подносители на предлог проекти во општина Ново Село, во рок од 5 ден од објавувањето на Јавниот повик.

На состанокот, потенцијалните подносители ќе бидат подетално информирани за повикот, начинот на аплицирање, критериумите и сл.

Совет на Општина Ново Село
Претседател,
Костадин Ристоманов